**20141564888**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и став 1б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 22 септември 2014 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011, 42/2012, 63/2012, 159/2012, 47/2014 и 98/2014), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 1 се вршат следните измени и дополнувања:

Пред АТЦ кодот B01AC05- „Ticlopidine** “ – се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| B01AC04 | Clopidogrel* | 75mg | O | таблети | CPJ | RS/RSS |

0

*Индикации и начин на пропишување:

- Пациенти со инфаркт на миокардот, (најмногу до 35-тиот ден по инфарктот), со шифра од I20 до I23 според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со акутен коронарен синдром без елевација на ST сегментот (нестабилна ангина или инфаркт на миокардот без Q бран), вклучувајќи ги пациентите со стент по перкутана коронарна интервенција, (до 12 месеци), со шифра од I20 до I23, според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со акутен инфаркт на миокардот со елевација на ST-сегментот, кај пациенти подобни за терапија со тромболитици, (најмалку 4 недели до 12 месеци), со шифра од I20 до I23, според МКБ10 класификација, по препорака на кардиолог или интернист;
- Пациенти со исхемичен мозочен удар, (од 7 дена до 6 месеци), со шифра од I63 до I64, според МКБ10 класификација, по препорака на невролог или невропсихијатар;
- Пациенти со потврдена периферна артериска оклузивна болест, (од 6 до 12 месеци), со шифра од I65 до I66, I70 и I74, според МКБ10 класификација, по препорака на торакален хирург, васкуларен хирург, кардиоваскуларен хирург по извршена хируршка интервенција или по препорака од болнички/клинички конзилиум.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1.11.2014 година.

Бр. 02-15894/5
24 септември 2014 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски**, с.р.